РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1069/1
13. 02 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на 26 - та седница одржана на ден 07.02.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси кај директор на институција со бр. 09-2579/1 од 02.05.2019 година, доставена од непознат подносител по електронска пошта СЕ ОТФРЛА.

Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2579/1 од 02.05.2019 година.

Предметот со број 09-2579/1 од 02.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2579/1 од 02.05.2019 година е оформен врз основа на пријава, доставена по електронска пошта до Државната комисија за спречување на корупцијата, со наводи за вработување на блиски лица на директор на институција, како и негово извршување на повеќе функции.

За целосно утврдување на фактичката состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати повратно до подносителот на пријавата по електронска пошта, за достава на дополнителни податоци во однос на тоа, во кои управни одбори е член наведеното службено лице, податоци за блиските лица, како и тоа, во кои институции се вработени истите, по што Државната комисија повратно доби известување од самиот електронски систем дека се работи за непостоечка електронска адреса од каде беше поднесена наведената пријава.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека пријавата нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk